# ОПИС НА УСЛУЖЕН ОБЈЕКТ

# МУЛТИМОДАЛЕН ТЕРМИНАЛ
# ВО СТАНИЦА СКОПЈЕ ТОВАРНА
# 2022

УПРАВИТЕЛ НА ИНФРАСТРУКТУРА:

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА
ЖЕЛЕЛЕЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ

Важи од 12.12.2021 до 10.12.2022 год.

За стручно толкување и давање мислење за овој Документ надлежно е Секторот за пристап кон инфраструктура при Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје

Одлука бр. 0201-6128/2 од 25.10.2021г.

Објавено во Службениот весник „Информатор“ на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје

Текстот го подготви Магдалена Јованова

Издава Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје

*ОПИС НА УСЛУЖЕН ОБЈЕКТ*
*МУЛТИМОДАЛЕН ТЕРМИНАЛ ВО СТАНИЦА СКОПЈЕ ТОВАРНА 2022*


1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ........ 4
1.1. ВОВЕД ........ 4
1.2. ОПЕРАТОР (УПРАВИТЕЛ) НА ТОВАРНИОТ ТЕРМИНАЛ........ 5
1.3. ВАЛИДНОСТ ........ 5
1.3.1. РОК НА ВАЖЕЊЕ ........ 5
1.3.2. ПРОМЕНИ НА ПОДАТОЦИ (АЖУРИРАЊЕ) ........ 6
1.3.3. ОБЈАВУВАЊЕ ........ 6
1.3.4. КОНТАКТИ (ИНФОРМАЦИИ) ........ 6
2. УСЛУГИ ........ 7
2.1. УСЛУГИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУЖНИ ОБЈЕКТИ ПО ПРУГА ........ 8
2.2. ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛУГИ ........ 8
2.3. ПОМОШНИ УСЛУГИ ........ 8
2.4. ДРУГИ УСЛУГИ ........ 8
2.5. УСЛУГИ КОИ НЕ ГИ ОВОЗМОЖУВА ЈП ЖРСМ ИНФРАСТРУКТУРА - СКОПЈЕ ........ 9
3. ОПИС НА УСЛУЖНИОТ ОБЈЕКТ ........ 9
4. НАДОМЕСТОЦИ ........ 10
4.1 ИНФОРМАЦИИ ЗА НАДОМЕСТОЦИ ........ 10
4.1.1. НАДОМЕСТОЦИ ЗА УСЛУГИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУЖНИ ОБЈЕКТИ ПО ПРУГА ........ 10
4.1.2. НАДОМЕСТОЦИ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛУГИ ........ 10
4.1.3. НАДОМЕСТОЦИ ЗА ПОМОШНИ УСЛУГИ........ 11
4.1.4. НАДОМЕСТОЦИ ЗА ДРУГИ УСЛУГИ........ 11
4.2. ПОПУСТИ ........ 12
5. УСЛОВИ ЗА ПРИСТАП ........ 12
5.1. ЗАКОНСКИ УСЛОВИ ........ 12
5.2. ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ (БАРАЊА) ........ 13
5.3. САМОПОСЛУЖУВАЊЕ НА УСЛУГИ ПОВРЗАНИ СО ЖЕЛЕЗНИЦА ........ 13
5.4. ИТ- СИСТЕМИ ........ 13

6. ДОДЕЛУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ....................................................................13

6.1. БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП И КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГИ............................................ 13

6.2. ОДГОВОР НА БАРАЊЕ.......................................................................................................... 13

6.3. ИНФОРМАЦИИ ЗА РАСПОЛОЖИВИ КАПАЦИТЕТИ И ПРИВРЕМЕНИ ОГРАНИЧУВАЊА ......................................................................................................... 14

## ТАБЕЛА НА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА

| Број на измена | ОПИС | ОБЈАВЕНО | | Важи од |
|---|---|---|---|---|
| | | Број | Датум | |
| *1* | *2* | *3* | *4* | *5* |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

# 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

## 1.1. ВОВЕД

Согласно со член 18 од Директивата бр. 913/2010, Управниот одбор на товарниот коридор изготвува, редовно ажурира и објавува документ (ЦИД) кој ги содржи сите информации за националните мрежи во однос на товарниот коридор, список и карактеристики на терминалите, основни информации за достапноста на капацитетите и постапката за распределба, правила за приоритет во случај на нарушување на сообраќајот на возовите на товарниот коридор и план за спроведување.

На 4 Декември 2019 година, Генералното собрание на РНЕ го одобри новиот усогласен текст за Книгата 3 (Book 3)- Информации за терминал, од Коридор Информациониот Документ (CID), според кој е изработен Описот на мултимодалниот терминал во станицата Скопје Товарна, а и воедно е документ кој е составен во врска со Акцискиот план за развој на регионална стратегија во Западен Балкан, прифатен во рамките на работењето на Техничкиот секретаријат на Транспортната Заедница.

Согласно со Делегираната Регулатива (ЕУ) 2017/2177 на Комисијата од 22 Ноември 2017 година, за пристап до услужни објекти и услуги поврзани со железнички сообраќај, ЈП ЖРСМ Инфраструктура- Скопје го изработи овој Документ кој треба да биде прилог кон Објавата на мрежа за 2021г. Овој Документ е опис на расположливиот милтимодален терминал во станицата Скопје Товарна наменета за баратели и содржи општи правила, рокови, постапки и критериуми во врска со одредувањето на надоместокот за користење и критериуми за распределба на капацитетите како и други информации за условите за пристап на товарниот терминал.

Објавата на мрежа за 2022 година е изработена во согласност со структурата на Објавата на мрежа (верзија 2019 03 05) која е усвоена во рамките на RailNetEurope (www.rne.eu) Усвоената структура овозможува Објавите на мрежи на различните упрвители на инфраструктури од различни држави да бидат усогласени и да содржат приближно исти информации.

Описот на мултимодалниот терминал во станицата Скопје Товарна е изготвен во согласност со предвидените стандарди од асоцијацијата **Rail Net Europe** (РНЕ)- (Cammon Template for Service Facilities version 2018 05 17) и служи како единствен извор на основните информации наменети за пристап на барателите.

## 1.2. ОПЕРАТОР (УПРАВИТЕЛ) НА ТОВАРНИОТ ТЕРМИНАЛ

ЈП ЖРСМ Инфраструктура- Скопје управува со Мултимодалниот терминал во станицата Скопје Товарна.

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на
Република Северна Македонија- Скопје
Подружница за мултимодален терминал Скопје Товарна
ул. „ 808“ бр.16
1000- Скопје
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
тел. бр. + 389 2 22499421
моб. + 389 75282882
е-пошта: orce.sanev@mzi.mk

## 1.3. ВАЛИДНОСТ

### 1.3.1. РОК НА ВАЖЕЊЕ

Овој Документ е изработен врз основа на информациите кои беа достапни до 01.09.2021 година.

Овој Документ е изработена земајќи го предвид законодавството кое било во важност до 01.09.2021 година. Законодавството кое било во подготовка не е земено предвид.

Сите законски и подзаконски акти и технички документи кои ќе стапат на сила по објавувањето на овој Документ ќе бидат имплементирани преку измени и дополненија, а ќе се применуваат од денот на важење.

Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија- Скопје не е одговорна за последиците од последувателните измени на законодавството. Во случај на несовпаѓање на овој Документ со важечкото законодавство, меродавно е важечкото законодавство.

Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија- Скопје се извинува за евентуалните печатни грешки во овој Документ.

Описот на мултимодалниот терминал во станицата Скопје Товарна се објавува најдоцна четири месеци пред крајниот рок за поднесување барања за инфраструктурни капацитети на веб-страницата на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија- Скопје.

Информациите што ги содржи Описот на мултимодалниот терминал во станицата Скопје Товарна за 2022 година кореспондираат со Возниот ред 2021/2022 година и важи од недела 12.12.2021г.во 00:01 часот до сабота 10.12.2022г. во 24:00 часот.

### 1.3.2. ПРОМЕНА НА ПОДАТОЦИ (АЖУРИРАЊЕ)

Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија- Скопје редовно го дополнува, а по потреба може и да го менува овој Документ.

Секоја измена и дополнение на овој Документ се објавува од страна на управителот на инфраструктурата на неговата веб - страница.

### 1.3.3. ОБЈАВУВАЊЕ

Описот на мултимодалниот терминал во станицата Скопје Товарна се објавува на македонски, албански и англиски јазик во PDF- формат и тоа на веб-страницата на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија- Скопје.

Во случај на различно толкување помеѓу македонската и албанската и/ или македонската и англиската верзија, македонската верзија се зема во предвид како точна.

Описот на мултимодалниот терминал во станицата Скопје Товарна може да се користи без надомест (бесплатен примерок).

### 1.3.4. КОНТАКТИ (ИНФОРМАЦИИ)

За дополнителни информации за условите за пристап, појаснување или други информации поврзани со Описот на мултимодалниот терминал во станицата Скопје Товарна, како и за нарачка на печатена или друга верзија на Документот, заинтересираните странки да контактираат на следната адреса:

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија- Скопје
Сектор за пристап кон инфраструктурата
Ул. „Јордан Мијалков“ бр. 50б
1000 - Скопје
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
тел.: + 389 2 2449513
факс: + 389 2 2449654
е-пошта: pristap@mzi.mk

Информации за пристап на другите меѓународни инфраструктурни мрежи може да се добијат од објавите на мрежи достапни на веб- страницата на РНЕ и тоа: http://www.rne.eu/members_ns

## 2. УСЛУГИ

Услугите кои ги овозможува Мултимодалниот терминал во станица Скопје Товарна се во согласност со Член 68 од Законот за железнички систем (Сл. весник на Р. Македонија бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 ,64/18 и Сл.весник на Р.Северна Македонија бр.302/20), кој е прилагоден со европското законодавство.
На превозниците за користење на железничката инфраструктура им се овозможуваат следните услуги:

- минимален пакет на услуги;
- пристап и користење на услужните објекти по пруга;
- дополнителни услуги;
- помошни услуги;

3.

ЈП ЖРСМ Инфраструктура- Скопје на железничките превозници и правните или физичките лица кои вршат превоз за сопствени потреби со кои има склучено договор за пристап до железничката инфраструктура во Мултимодалниот терминал во станица Скопје Товарна им обезбедува користење на минимален пакет на услуги за пристап до железничката инфраструктура и пристап по пруга до услужните објекти на рамноправен и недискриминирачки начин.

Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија- Скопје по барање и со склучување посебен договор, овозможува услуги за користење на услужните објекти како и дополнителните и помошни услуги на рамноправен и недискриминирачки начин.

Користење на услужни објекти со кои не располага Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија- Скопје како и дополнителните и помошни услуги кои не ги овозможува Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија- Скопје, се предмет на посебен договор со превозникот и давателот на услугата.

Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија- Скопје овозможува пристап до и користење на сите товарни терминали отворени за вршење товарно-истоварни и претоварни операции во товарниот превоз.

За користење на посебни постројки или опреми потребни за утовар, истовар или претовар на единици за интермодален превоз информации може да се добијат на следната адреса:

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на
Република Северна Македонија- Скопје
Подружница за мултимодален терминал Скопје Товарна

ул. „ 808“ бр.16
1000- Скопје
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
тел. бр. + 389 2 22499421
моб. + 389 75282882
е-пошта: orce.sanev@mzi.mk

## 2.1. УСЛУГИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИ ОБЈЕКТИ ПО ПРУГА

- Користење на товарен терминал за интермодален транспорт
- Користење на колосеци за гарирање
- Користење на вагонска вага
- Користење на рампи за товарење, истовар и претовар на стока
- Користење на рампи за товарење и истовар на придружувани автомобили

## 2.2. ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛУГИ

- Маневрирање
- Услуги на служба за технички преглед на вагони
- Услуги за превоз на опасни материи
- Услуги за превоз на особена пратка

## 2.3. ПОМОШНИ УСЛУГИ

- Обезбедување на дополнителни информации- Подготовка на придружни документи за еден воз

## 2.4. ДРУГИ УСЛУГИ

- Влез и користење на терминал од страна на возило
- Вагање на возило
- Товарење на стока, механизирано
- Товарење на стока, рачно
- Истовар на стока, механизирано
- Истовар на стока, рачно
- Претовар на стока, механизирано
- Претовар на стока, рачно
- Услуга за користење на електрична енергија за работа на опрема за истовар на стока
- Обезбедување на други услуги

## 2.5. УСЛУГИ КОИ НЕ ГИ ОВОЗМОЖУВА ЈП ЖРСМ ИНФРАСТРУКТУРА- СКОПЈЕ

Адресите на кои може да се добијат информации за услугите кои не ги овозможува Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија- Скопје, се достапни во Глава бр.5- Услуги, на Објавата за мрежа.

Правните и физичките лица кои се заинтересирани да овозможуваат услуги кои се поврзани со користењето на железничката инфраструктура во Мултимодалниот терминал во станица Скопје Товарна, можат да достават податоци за тоа до Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија- Скопје, кои ќе ги објави бесплатно на својата веб-страница, во рамките на Објавата на мрежа.

За таа цел, РНЕ има изработено Заеднички образец кои стручните служби на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија- Скопје, го прилагодуваат согласно националните потреби.

До објавување на Заедничкиот образец, правните и физичките лица податоците може да ги доставуваат на следната адреса:

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија- Скопје
Сектор за пристап кон инфраструктурата
Ул. „Јордан Мијалков“ бр. 50б
1000 - Скопје
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
тел.: + 389 2 2449513
факс: + 389 2 2449654
е-пошта: pristap@mzi.mk

## 3. ОПИС НА УСЛУЖНИОТ ОБЈЕКТ

| Станица | Км. положба на станица | | | Должина | | | Колосек | Најголема дозволена должина на воз | Вагонска вага | Магацин | Рампа | Товарање/истовар на живи животни | Товарен профил | Терминал за комбиниран транспорт |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Почетна | Крајна | Должина | Колосеци (корисна) | Перони | | | | | | | | | |
| | | | | | Должина | Ширина | | | | | | | | |
| *1* | *2* | *3* | *4* | *5* | *6* | *7* | *8* | *9* | *10* | *11* | *12* | *13* | *14* | *15* |
| С | | | | | | | | | | | | | | |
| ***Скопје Товарна*** | 0.605 | 1,533 | 927 | 592.18<br>556.82<br>603.88<br>641.82<br>510.27<br>200.00 | | | 1<br>2<br>3<br>4<br>5<br>6 | | ДА | ДА | ДА/Б. Ч | | | |

Работното време на станицата е од 10.00 до 17.00 часот.
Нема планирани измени на техничките карактеристики

Повеќе информации за услужниот објект можат да се најдат на следната веб-страница: www.mzi.mk во Објавата на мрежа за 2021г. или на:

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија- Скопје
Подружница за мултимодален терминал Скопје Товарна
ул. „ 808“ бр.16
1000- Скопје
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
тел. бр. + 389 2 22499421
моб. + 389 75282882
е-пошта: orce.sanev@mzi.mk

## 4. НАДОМЕСТОЦИ

### 4.1. ИНФОРМАЦИИ ЗА НАДОМЕСТОЦИ

#### 4.1.1. НАДОМЕСТОЦИ ЗА УСЛУГИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИ ОБЈЕКТИ ПО ПРУГА

Надоместоците за услугите од Точка бр. 2.1. , Користење по пруга на услужните објекти, а кои ги овозможува Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија- Скопје, се утврдуваат на основ настанатите трошоци од нивното користење, земајќи ги предвид цените на пазарот на железнички услуги, односно на конкурентна основа.

Износот на надоместоците за услугите за пристап по пруга до услужните објекти е пресметан во износот на минималниот пакет на услуги.

Пресметката на износите на надоместоците за услуги за користење по пруга на услужните објекти е цената помножена со единицата за мерка наведена во Објвата на мрежа за 2021г.-Прилог бр. 2, Табела бр. 6.(www.mzi.mk).

#### 4.1.2. НАДОМЕСТОЦИ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛУГИ

Надоместоците за услугите наведени во Точка бр. 2.2., Дополнителни услуги, а кои ги дава Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија- Скопје, се утврдуваат на основ настанатите трошоци од нивното обезбедување, пресметани на основ реалното ниво на употреба.

Пресметката на износите на надоместоците за дополнителни услуги е цената помножена со единицата за мерка наведена во Објвата на мрежа за 2022г.-Прилог бр. 2, Табела бр. 7. .(www.mzi.mk).

#### 4.1.3. НАДОМЕСТОЦИ ЗА ПОМОШНИ УСЛУГИ

Надоместоците за услугите наведени во Точка бр. 2.3., Помошни услуги, а кои ги дава Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија- Скопје, се утврдуваат со посебен договор на база на пазарните услови.

Пресметката за износите на надоместоците за помошните услуги е цената помножена со единицата за мерка наведена во Објвата на мрежа за за 2022г.- Прилог бр. 2, Табела бр. 8. (www.mzi.mk).

#### 4.1.4. НАДОМЕСТОЦИ ЗА ДРУГИ УСЛУГИ

Надоместоците за услугите од Точка 2.4., Други услуги изнесуваат:

-***Влез и користење на терминал од страна на возило*** , за возило до 24 часовен престој во терминалот за обавување на царинска постапка изнесува 1000, денари, во кој е вклучено и вагањето на возилото, а за секои наредни 24 часа престој се наплатува надомест од дополнителни 300,00 денари ( ослободени се од ДДВ)
- ***Вагање на возило***, 500,00 денари (вклучен е изностот на ДДВ)
- ***Товарење на стока, механизирано*** , 120,00 ден./тон+ ДДВ
- ***Товарење на стока, рачно*** , 180,00 ден./тон+ДДВ
- ***Истовар на стока, механизирано*** , 120,00 ден./тон+ДДВ
- ***Истовар на стока, рачно*** , 180,00 ден./тон +ДДВ
- ***Претовар на стока*** , ***механизирано***, 220,00 ден./тон+ДДВ
- ***Претовар на стока, рачно*** , 300,00 ден./тон+ДДВ
- ***Услуга за користење на електрична енергија за работа на опрема за истовар на стока*** , 500, 00 ден./ вагон+ ДДВ
- ***Обезбедување на други услуги***

Износот на ДДВ изнесува 18% од цената.

Повеќе информации за износот на надоместоците од Точка 2.4. може да се добијат на следната адреса:

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на
Република Северна Македонија- Скопје
Подружница за мултимодален терминал Скопје Товарна
ул. „ 808“ бр.16
1000- Скопје
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
тел. бр. + 389 2 22499421
моб. + 389 75282882
е-пошта: orce.sanev@mzi.mk

### 4.2. ПОПУСТИ

ЈП ЖРСМ Инфраструктура- Скопје не одобрува попусти за користење на услужни објекти.

## 5. УСЛОВИ ЗА ПРИСТАП

### 5.1. ЗАКОНСКИ УСЛОВИ

Пристапот до железничката инфраструктура уреден е со Законот за железнички систем. Објавата на мрежа служи како насока за превозниците и нивните меѓународни групации или други баратели кои поднесуваат барање за доделување инфраструктурен капацитет.

Во Поглавјето број 2 од Објавата на мрежа се опишуваат условите поврзани со пристапот кон железничката инфраструктура управувана од управителот на железничката инфраструктура- Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија- Скопје.

Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија- Скопје како управител на инфраструктурата, одобрува пристап на железничката инфраструктура за што превозниците склучуваат договор со управителот на инфраструктурата.

Договорот за пристап на железничката инфраструктура мора да биде недискриминирачки и во согласност со Законот за железнички систем.

Договорот за пристап на железничката инфраструктура се склучува 60 денови пред почетокот на важењето на новиот возен ред. Доколку има слободни капацитети, може и во време на важечкиот возен ред.

Со договорот за пристап на железничката инфраструктура се уредуваат меѓусебните права и обврски меѓу договорните страни во однос на доделените инфраструктурни капацитети, висината на надоместокот за пристап и користење на железничката инфраструктура, времето на траење на договорот и можностите за негово продолжување, како и други прашања во врска со сигурноста на превозот и заштита на околината.

Железничкиот превозник кој има дозвола за јавен превоз и сертификат за сигурност може да врши услуги во јавниот превоз на железничката инфраструктура под услов да му е обезбеден пристап до неа.

Приватно домашно или странско правно лице може да врши јавен железнички превоз на патници и стока по пристапувањето на Р. Северна Македонија во Европската Унија.

Правно или физичко лице кое има дозвола за вршење на превоз за сопствени потреби и сертификат за сигурност за вршење на превоз за сопствени потреби, може да врши превоз за сопствени потреби на железничката инфраструктура под услов да му е обезбеден пристап до неа.

Пристап на железничката инфраструктура на превозниците и правните или физичките лица кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот за железнички систем им одобрува управителот на инфраструктурата.

### 5.2. ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ (БАРАЊА)

Техничките услови се одредени со Деловниот ред на станицата Скопје Товарна. Повеќе информации за тоа на следната адреса:

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на
Република Северна Македонија- Скопје
Подружница за мултимодален терминал Скопје Товарна
ул. „ 808“ бр.16
1000- Скопје
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
тел. бр. + 389 2 22499421
моб. + 389 75282882
е-пошта: orce.sanev@mzi.mk

### 5.3. САМОУСЛУЖУВАЊЕ НА УСЛУГИ ПОВРЗАНИ СО ЖЕЛЕЗНИЦА

Не е дозволено.

### 5.4. ИТ СИСТЕМИ

Не постојат.

## 6. ДОДЕЛУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ

На сите кои користат минимален пакет на услуги им се овозможува пристап по пруга до услужните објекти како и користење на услужните објекти ( Објава на мрежа за 2022г., Прилог бр. 2, Табела бр. 6.) на рамноправен и недискриминирачки начин.

### 6.1. БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП И КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГА

Потребата од пристап како и користење на услужните објекти со кои управува Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија- Скопје, треба да се искаже во постапка на доделување на инфраструктурни капацитети, како што е наведено во Глава 4 од Објавата на мрежа за за 2022г .

### 6.2. ОДГОВОР НА БАРАЊЕ

Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија- Скопје, на доставеното Барње за пристап и

користење на услуга, одговара во роковите предвидени во Глава 4 од Објавата на мрежа за за 2022г., а доколку има можности и во најкраток временски рок.

## 6.3. ИНФОРМАЦИИ ЗА РАСПОЛОЖИВИ КАПАЦИТЕТИ И ПРИВРЕМЕНИ ОГРАНИЧУВАЊА

Информации за расположиви капацитети и привремени ограничувања можат да се добијат на следната адреса:

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на
Република Северна Македонија- Скопје
Подружница за мултимодален терминал Скопје Товарна
ул. „ 808“ бр.16
1000- Скопје
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
тел. бр. + 389 2 22499421
моб. + 389 75282882
е-пошта: orce.sanev@mzi.mk